РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КИРО ГЛИГОРОВ
Бр. 02-928/02
16.09 2025 год.
Центар Скопје

Врз основа на член 108 став 1 алинеја 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, бр.229/20 и бр.3/25) и Статутот на ООУ „Киро Глигоров“ Скопје бр.01-112 од 16.12.2019 година, Училишниот одбор при Општинското основно училиште „Киро Глигоров“ Центар, Скопје, на својата редовна седницата одржана на 16.09.2025 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

1. Во согласнот со Законот за основното образование и Статутот на ООУ „Киро Глигоров“ Скопје, Училишниот одбор на ООУ „Киро Глигоров“ Центар, Скопје го усвои Кодексот за облекување на учениците на основното училиште „Киро Глигоров“ Центар, Скопје.

2. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Скопје, 16.09.2025 год.**

**Претседател на Училишен Одбор**

**Александра Анчева**

Општинско основно училиште „Киро Глигоров“ – Центар, Скопје
ул. „Адам Мицкиевиќ“ бр.14 1000 Скопје, Република Северна Македонија
телефон: 02/6142-744 / 02/6142745 mail:oukirogligorov@centar.gov.mk

## КОДЕКС НА ОБЛЕКУВАЊЕ ЗА УЧЕНИЦИТЕ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „КИРО ГЛИГОРОВ“ ЦЕНТАР СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КИРО ГЛИГОРОВ
Бр. 02-928/01
16.09 2025 год.
Центар Скопје

Од 1 септември 2025 година, во основното училиште „Киро Глигоров" се воведува задолжително носење на училишна облека, која се состои од следното:

Поло блуза со долги/кратки ракави во бела боја, со амблем во пределот на градите на кој е нашиен називот на училиштето и грбот на Општина Центар, дуксер во црвена боја, со амблем во пределот на градите на кој е нашиен називот на училиштето и грбот на Општина Центар.

Како долен дел учениците по потреба и желба можат да практикуваат пантолони/долни тренерки и здолништа кои ќе бидат пристојни . Неприфатливи се бермуди, куси пантолони, пантолони со низок струк, и куси здолништа. Училишната облека е задолжителна за сите ученици за време на часовите, како и за време на сите училишни активности кои се изведуваат во или надвор од училишната зграда.

Училишната облека треба да биде секогаш чиста, уредна и во добра состојба. Неприфатливо за учениците во училиштето е носење на чевли со високи потпетици, капи, пирсинг, вештачки додатоци како нокти, трепки и слично како и облека која е истуткана и нечиста.

Училишната облека не смее да се украсува со модни детали (беџови, марами, и слично), освен во одредени прилики по добиена согласност од одделенскиот/класниот раководител.

Од родителите и од учениците се очекува да го почитуваат овој кодекс на облекување. Доколку некој ученик не е во можност да ја носи задолжителната училишна облека одреден ден поради оправдани причини, родителот е должен до училиштето да достави изјава во која се објаснети причините за тоа.

Директор,

Билјана Билбиловска

Претседател на Училишен Одбор
на ООУ „Киро Глигоров“ Скопје

Александра Анчева